*АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ*

# *И З В Е Ш Т А Ј*

## *ЗА РАБОТАТА НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ*
## *ЗА 2014 ГОДИНА*

***СКОПЈЕ, ФЕВРУАРИ 2015 ГОДИНА***

## ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

### -- ОБЕМ НА РАБОТА ---

Апелациониот суд Скопје во текот на извештајната 2014 година имал обем на работа од вкупно 22.203 предмети, која бројка ја сочинуваат 3.621 предмет пренесен како незавршен од претходниот извештаен период, 18.462 новопримени предмети и 120 предмети повторно во работа.

Споредбената и структурната анализа на содржината на вкупниот број предмети во работа во извештајната година во однос на претходниот временски период, упатува на зголемен обем на работа како последица на зголемениот прилив нови предмети на општо ниво кој во целост не е совладан и покрај засилените напори на целокупниот персонален состав на судот.

Имено, обемот на работа во однос на претходната година, кога изнесувал 20.087 предмети е зголемен за 2.116 предмети.

Истовремено, приливот на нови предмети во извештајната година од 18.462 предмети претставува зголемување за 2.301 предмет во однос на претходната година.

Во текот на извештајната година од вкупниот број предмети во работа, судот решил 15.822 од новопримените предмети и 108 од предметите повторно земени во работа т.е. 531 предмет помалку во однос на минатата година, што е во непосреден каузален однос со непополнетиот број судиски места утврдени за Апелациониот суд Скопје во текот на извештајната година, наспроти обемот на работа, како и состојбата со стручните судски службеници и судските референти – дактилографи.

Во однос на бројот на незавршени предмети на крајот на годината заклучно со 31.12.2014 година останале 6.273 незавршени предмети, што е претставува зголемување на заостатокот незавршени предмети за 2.647 предмети во однос на претходната година.

| Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени новопримени предмети | Решени предмети повторно во работа | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3621 | 18462 | 120 | 20 | 22203 | 15822 | 108 | 6273 |

## 1. РАБОТА НА СУДОТ ВО РАМКИТЕ НА СУДСКАТА УПРАВА

| Вид на предмети | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени новопримени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СУ-СУ-07 | / | 1756 | / | 1756 | 1755 | 1 |
| СУ-ДОВ и СУ-СТРДОВ | / | 5 | / | 5 | 5 | / |
| СУ-ИЗЗ | / | 244 | / | 244 | 244 | / |
| УПП | 3 | 692 | / | 695 | 695 | / |
| СПИ | / | 24 | / | 24 | 24 | / |
| ВКУПНО | 3 | 2721 | / | 2724 | 2723 | 1 |

## КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИ

Апелациониот суд Скопје во извештајната година го задржал високиот квалитет во работењето низ призма на преоценка на одлуките по изјавени вонредни правни средства од страна на непосредно повисокиот суд.

Имено, предмет на преоценка од страна на Врховниот суд на Република Македонија по повод изјавени правни средства претставувале 1059 судски одлуки на Апелациониот суд Скопје, односно намален е бројот на одлуките што биле предмет на вонреден правен лек во однос на претходната година за 105 предмети. Од вкупно 1237 вратени предмети од вонреден правен лек 759 одлуки се потврдени, 134 одлуки се укинати и 76 одлуки се преиначени. Изјавениот вонреден правен лек кај 268 одлуки е отфрлен.

| Поднесена вонреден правен лек до Врховен суд | Вратени предмети | Потврдени | Укинати | Преиначени | Отфрлени |
|---|---|---|---|---|---|
| 1059 | 1237 | 759 | 134 | 76 | 268 |

## СТАРИ ПРЕДМЕТИ

### 1. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА СУД

| Нерешени-стари предмети | Новопримени-стари предмети | Вкупно во работа-стари предмети | Решени-стари предмети | Остаток-стари предмети |
|---|---|---|---|---|
| 532 | 3909 | 4441 | 3002 | 1439 |

Во текот на извештајната 2014 година во судот вкупно во работа имало вкупно 4441 од овој вид предмети или 2.311 ГЖ предмети, 1.517 ТСЖ предмети, 395 РОЖ предмети, 98 КЖ предмети, 11 КОКЖ предмети, 1 КСЖ предмет, 105 ПРКЖ предмети и 3 предмети од СУ уписниците. Од вкупниот број предмети во текот на 2014 година завршени се 3.002 предмет, а останале незавршени 1.439 предмети.

Вкупната бројка предмети во работа од овој вид ја сочинуваат 532 предмети пренесени како нерешени од претходната година и 3.909 новопримени предмети. Со оглед дека во текот на извештајната година се решени 3.002 предмети произлегува дека приливот не е во целост совладан.

## II СТАТИСТИКА НА ПРЕДМЕТИ ПО ОДДЕЛИ

## КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

### Кривични предмети и кривични предмети-малолетници

Во Кривичниот оддел во извештајната година вкупно во работа имало 2.502 кривични предмети (КЖ) од кои 175 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, а 2.310 предмети се новопримени и 17 предмети повторно во работа, при што судот вкупно завршил 2.111 предмети од кои 2.096 новопримени и 15 предмети повторно во работа, а на крајот од годината останале нерешени 391 предмет кој се пренесува за наредната година.

Во однос на претходната година кога Судот во работа имал вкупно 2.257 предмети, во извештајната година обемот на работа е зголемен за 245 предмети, како последица на зголемениот прилив на нови предмети. Приливот е за 213 предмети поголем во однос на претходната година кога се примени 2.114 предмети. Бројот на решените кривични предмети во извештајната година е зголемен за 29 предмети во однос на претходната година кога се решени 2.082 предмет. Во однос на претходната година кога останале нерешени 175 предмети, во извештајната година бројот на нерешените кривични предмети е зголемен за 216 предмети, т.е останати се како нерешени 391 предмет кој е во работа.

Во рамките на Кривичниот оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по кривичните предмети од организираниот криминал, при што во извештајниот период во работа имало вкупно 129 предмети, од кои 113 предмети примени во тековната година, а 16 пренесени како нерешени од претходниот период. Од вкупниот број предмети во работа завршени се 101 предмет, а како нерешени останале 28 предмети, кои се пренесуваат за наредната година. Карактеристично и во овој сегмент од работењето на судот е зголемениот прилив на придмети што доведува и до зголемен обем на работа. Во извештајната 2013 година приливот на нови предмети изнесувал 88, додека во 2014 година истиот е 113 предмети.

Исто така, во рамките на Кривичниот оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по кривичните предмети против малолетни лица. Во извештајниот период вкупно во работа имало 21 предметиод кои еден предмет пренесен од претходниот период и 20 нопбопримени предмети. Од вкупниот број предмети во работа до крајот на извештајниот период завршени се 19 предмети, а 2 предмети како незавршени се пренесени во наредната година

Прекршочни предмети

Одделот за прекршочни предмети во текот на извештајната 2014 година во работа имал вкупно 3.566 предмети, од кои 53 предмети се пренесени од претходниот извештаен период и 3.509 новопримени предмети и 4 предмети повторно во работа, при што судот решил 2.747 новопримени предмети и 4 предмети повторно во работа, а на крајот на годината 815 предмети останале нерешени и оваа бројка е пренесена во наредната година.

Во однос на претходната година кога Судот имал во работа 3.060 предмети, во извештајната 2014 година обемот на работа е зголемен за 506 предмети. Во однос на претходната година кога биле решени 3.006 предмети, во извештајната 2014 година се решени 255 предмети помалку од претходната година, што се должи на зголемениот прилив.

| Вид на предмет по уписник | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени новопримени предмети | Решени предмети повторно во работа | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КЖ | 175 | 2310 | 17 | / | 2502 | 2096 | 15 | 391 |
| КОКЖ | 16 | 113 | / | / | 129 | 101 | / | 28 |
| КЖМ | 1 | 20 | / | / | 21 | 19 | / | 2 |
| КСЖ | 20 | 772 | / | 1 | 792 | 766 | / | 26 |
| КР | 1 | 73 | / | / | 74 | 69 | / | 5 |
| **ВКУПНО** | **213** | **3288** | **17** | **1** | **3518** | **3051** | **15** | **452** |
| ПРКЖ | 53 | 3509 | 4 | 6 | 3566 | 2747 | 4 | 815 |
| **ВКУПНО** | **266** | **6797** | **21** | **7** | **7084** | **5798** | **19** | **1267** |

## ***Квалитет на работење во Кривичниот оддел***

Кривичниот оддел на Апелациониот суд Скопје во извештајната година го задржал високиот квалитет во работењето низ призма на нивна преоценка по изјавени вонредни правни средства од страна на непосредно повисокиот суд.

Имено, предмет на преоценка од страна на Врховниот суд на Република Македонија по повод изјавени правни средства претставувале 202 судски одлуки на Апелациониот суд Скопје, што претставува 3,47% од вкупниот број донесени одлуки во извештајната година (во апсолутни цифри е зголемен бројот на одлуките што биле предмет на вонреден правен лек во однос на претходната година за 5 предмети), од кои 137 одлуки се потврдени (67,82% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 2,36% од вкупно решените предмети), 24 одлуки се укинати (11,88% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,41% од вкупно решените предмети) и 4 одлуки се преиначени (1,98% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,07% од вкупно решените предмети). Изјавениот вонреден правен лек кај 37 одлуки е отфрлен (18,32% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,64% од вкупно решените предмети) и решени на друг начин е 1 одлука (0,50% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,02% од вкупно решените предмети).

| Вид на предмет по уписник | Поднесена вонреден правен лек до Врховен суд | Вратени предмети | Потврдени | Укинати | Преиначени | Отфрлени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| КЖ | 130 | 156 | 108 | 15 | 3 | 30 |
| КОКЖ | 28 | 33 | 27 | 2 | 1 | 3 |
| КСЖ | 7 | 7 | 2 | 2 | / | 3 |
| ПРКЖ | 5 | 6 | / | 5 | / | 1 |
| ВКУПНО | 170 | 202 | 137 | 24 | 4 | 37 |

Во Кривичниот оддел од вкупно завршени 2.111 предмети полнолетни лица, постапката до еден месец траела во 510 предмети, до два месеци постапката траела во 650 предмети, до три месеци во 450 предмети, постапката во 429 предмети траела од три до шест месеци и кај 72 предмети постапката траела над шест месеци.

Од вкупен број 101 кривичен предмет од организираниот криминал, кои се завршени во текот на годината, постапката во 33 предмети траела до еден месец, до два месеци постапката траела во 17 предмети, до три месеци во 21 предмет, постапката во 22 предмет траела до шест месеци и кај 8 предмети постапката траела над шест месеци.

Од вкупен број 19 кривични предмети-малолетни лица, кои се завршени во текот на годината, постапката во 12 предмети траела до еден месец, во 5 предмети постапката траела до 2 месеци и во 2 предмети постапката траела до 3 месеци.

## СТАРИ ПРЕДМЕТИ

| Нерешени-стари предмети | Новопримени-стари предмети | Вкупно во работа-стари предмети | Решени-стари предмети | Остаток-стари предмети |
|---|---|---|---|---|
| 24 | 191 | 215 | 2855 | 1368 |

## ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

Граѓански предмети

Во текот на 2014 година во Судот за работа имало вкупно 9.117 граѓански предмети, од кои 2.117 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 6.962 предмети се новопримени и 38 предмети повторно во работа, при што Судот вкупно решил 6.522 новопримени и 41 предмет повторно во работа, а на крајот од годината нерешени останале 2.554 предмети кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година, кога Судот во работа имал вкупно 8.347 предмети, обемот на работа во извештајната година е зголемен за 770 предмети. Приливот во извештајната година е зголемен за 687 предмети во однос на претходната година, кога се примени 6.313 предмети. Бројот на решени предмети во извештајната

година е зголемен за 334 предмети во однос на претходната година кога биле решени 6.229 предмети, но сепак приливот не е совладан со оглед на значително зголемениот прилив, кој довел и до зголемен обем на работа по овој вид предмети.

Трговски спорови

Трговскиот оддел во текот на извештајната 2014 година во работа имал вкупно 4.294 предмети од кои 1.075 предмети биле пренесени како нерешени од претходната година, а 3.189 предмети новопримени и 30 предмети повторно во работа, при што Судот решил вкупно 2.591 новопримен предмет и 27 предмети повторно во работа, а на крајот на годината останале 1.676 нерешени предмети кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година кога Судот во работа имал 3.688 предмети, во извештајната година обемот на работа е зголемен за 606 предмети за разлика од претходната година. Приливот во извештајната година е зголемен за 491 предмет во однос на претходната година кога биле примени вкупно 2.728 предмети. Бројот на решени предмети по трговски спорови во извештајната година е зголемен за 8 предмети во однос на претходната година кога биле решени 2.610 предмети. На крајот од извештајната 2014 година останале 1.676 незавршени предмети, што е за 598 предмети повеќе од минатата извештајна година.

Работни спорови

Одделот за работни спорови во текот на 2014 година во работа вкупно имал 1.684 предмет, од кои 163 предмети биле пренесени од претходниот извештаен период, а 1.490 предмети се новопримени и 31 предмет повторно во работа, при што Судот решил вкупно 888 новопримени предмети и 21 предмет повторно во работа, а на крајот на годината останале 775 предмети нерешени, кои се пренесуваат за наредната година.

| Вид на предмет по уписник | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени новопримени предмети | Решени предмети повторно во работа | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГЖ | 2117 | 6962 | 38 | 7 | 9117 | 6522 | 41 | 2554 |
| РОЖ | 163 | 1490 | 31 | 2 | 1684 | 888 | 21 | 775 |
| ТСЖ | 1075 | 3189 | 30 | 4 | 4294 | 2591 | 27 | 1676 |
| Р | / | 24 | / | / | 24 | 23 | / | 1 |
| ВКУПНО | 3355 | 11665 | 99 | 13 | 15119 | 10024 | 89 | 5006 |

***Квалитет на работење во Граѓанскиот оддел***

Граѓанскиот оддел на Апелациониот суд Скопје во извештајната година го задржал високиот квалитет во работењето низ призма на нивна преоценка по изјавени вонредни правни средства од страна на непосредно повисокиот суд, со соодветно намалување на учеството на преиначените судски одлуки.

Имено, предмет на преоценка од страна на Врховниот суд на Република Македонија по повод изјавени правни средства претставувале 1.035 судски одлуки на Апелациониот суд Скопје, што претставува 10,23% од вкупниот број донесени одлуки во извештајната година, од кои 622 одлуки се потврдени (60,10% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 6,15% од вкупно решените предмети), 110 одлуки се укинати (10,63% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 1,09% од вкупно решените предмети) и 72 одлуки се преиначени (6,96% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,71% од вкупно решените предмети). Изјавениот вонреден правен лек кај 231 одлука е отфрлен (22,32% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 2,28% од вкупно решените предмети) и решена на друг начин е 1 одлука (0,10% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,01% од вкупно решените предмети).

| Вид на предмет по уписник | Поднесена вонреден правен лек до Врховен суд | Вратени предмети | Потврдени | Укинати | Преиначени | Отфрлени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ГЖ | 391 | 467 | 264 | 43 | 36 | 124 |
| РОЖ | 218 | 223 | 128 | 30 | 14 | 51 |
| ТСЖ | 280 | 345 | 230 | 37 | 22 | 56 |
| ВКУПНО | 889 | 1035 | 622 | 110 | 72 | 231 |

Во Граѓанскиот оддел од вкупно решени 6563 „ГЖ“ предмети, постапката до еден месец траела во 1.596 предмет, до два месеци во 374 предмети, до три месеци во 545 предмети, до шест месеци во 2.368 предмети и над шест месеци во 1.680 предмети.

Од вкупно завршените 909 предмети „РОЖ“ од областа на работните спорови, постапката до еден месец траела во 77 предмети, до два месеци во 177 предмети, до три месеци во 183 предмет, до шест месеци во 318 предмети и над шест месеци кај 154 предмети.

Од вкупно завршените 2.618 предмети „ТСЖ“ по трговски спорови, постапката до еден месец траела во 513 предмети, до два месеци во 143 предмети, до три месеци во 131 предмети, до шест месеци во 894 предмети и над 6 месеци во 937 предмети.

| Нерешени-стари предмети | Новопримени-стари предмети | Вкупно во работа-стари предмети | Решени-стари предмети | Остаток-стари предмети |
|---|---|---|---|---|
| 508 | 3715 | 4223 | 2855 | 1368 |
| | | | | |

## РАЗНИ ПРЕДМЕТИ

Во текот на извештајната 2014 година, Судот постапувал и по друг вид предмети по следната спецификација:

- 24 предмети од „Р" уписник-разни граѓански предмети, сите примени во извештајниот период, од кои завршени се 23 предмети, а еден предмет останал нерешен и како таков пренесен во наредниот период;;

- 792 предмети од „КСЖ" уписник-предмети по жалба против решение на основни судови, од кои 20 предмети се пренесени од претходната година, новопримени се 772 предмети, а од вкупната бројка во работа завршени се 766 предмети, така што останале незавршени 26 предмети на крајот на извештајниот период;

- 74 предмет од „КР" уписник-разни кривични предмети, од кои 1 предмет пренесен од претходната година и примени 73 предмети во извештајниот период, а решени се 69 предмети, така што останале незавршени 5 предмети на крајот на извештајниот период.

Со оглед на погоре изнесената состојба, по однос на работата на судот како на општо ниво, така и по оддели, односно уписници она што е очигледно е дека судот не успеал да го совлада приливот нови предмети. Наведеното и покрај засилениот ангажман на судиите кои судиската функција ја извршуваат во Апелациониот суд Скопје, преку надминување на ориентационата норма, односно завршување далеку поголем број предмети од утврдениот со ориентационата норма што е константна појава во Судот.

Следствено, произлегува дека е потребно пополнување на бројот на носителите на судиската функција со предвидените, а испразнети места, со цел надминување на проблемот со нерешени предмети, совладување на приливот на нови предмети, со што ќе се скрати и времетраењето на постапките, што пак се заедно ќе доведе до далеку поголема ефикасност и квалитет во работењето на судот.

## ИЗВЕШТАЈ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

### *НОСИТЕЛИ НА СУДИСКАТА ФУНКЦИЈА*

Согласно со актот за систематизација и Одлуката за зголемување на бројот на судии во Апелациониот суд Скопје на Судскиот совет на Република Македонија од 05.07.2012 година, судиската функција во Апелациониот суд Скопје во текот на 2014 година утврдено е да ја вршат претседател и 52 судии, меѓутоа, во текот на извештајната година, Судот функционираше во нецелосен состав, со тоа што судиската функција ја извршуваше квантитативно променлив состав на судии, со карактеристичен константен одлив без паралелно пополнување на испразнетите судиски места.

Календарската 2014 година судот ја започнал со 49 судии вклучувајќи го и претседателот, при што на тројца судии им мирува работниот однос во Апелациониот суд Скопје од кои на двајца поради извршување на функцијата член на Судскиот совет на Република Македонија, а еден судија поради избор за Претседстел на Управниот суд.

Во извештајната година 8 судии престанале со вршење на судиската должност поради исполнување на законските услови за пензионирање и тоа еден судија е разрешен на 3.01.2014 година, еден на 13.03.2014 година, еден на 23.04.2014 година, пошто судот продолжил да работи со 47 судии, се до 02.06.2014 година кога се разрешени тројца судии, па судот продолжува со 44 судии во кои е вклучен и В.Д.Претседателот на судот.

На 31.10.2014 година се одјавени, разрешени уште двајца судии со што крајот на извештајната година, со состојба на 31.12.2014 година, судиската должност фактички ја извршувале 42 судии, во кои е вклучен и В.Д.Претседателот на судот, односно со 11 судии помалку од предвидените, при што е почитуван принципот на правична и соодветна застапеност на националностите, на начин што 27 судии се од македонска националност, 11 од албанска националност, 2 судии од турска националност, 1 судија е од влашка националност и 1 судија друга националност.

Во текот на извештајната година, судиската должност ја извршувале во просек 45 судии вклучувајќи го и В.Д. Претседателот.

## *СТРУЧНИ СУДСКИ СЛУЖБЕНИЦИ*

Стручните судски службеници во текот на извештајната година имаат особен придонес во функционирањето на судот преку стручно и совесно извршување на работните задачи, примарно во врска со изработката на судските одлуки, како и помош на носителите на судиската функција во решавањето на судските предмети.

Интересот за оптимално функционирање на судот налага потреба од пополнување на бројот на стручните судски службеници согласно обемот на работата во судот, а со цел да се овозможи непречено функционирање на судот како организациска единка, но и судството во целина.

По однос на раководните судски службеници, пополнети се само две места, така што потребно е пополнување и на преостанатите 8 работни места - раководни судски службеници, а имајќи ја предвид обемноста на утврдените работни задачи за овој кадар. Согласно Правилникот на Судот овие лица меѓу другото како најбитен сегмент за ефикасно и непречено функционирање на судот, се грижат за организација и координација на работата на секој од одделите кои функционираат во рамките на судот, така што пополнувањето на овие работни места е од особено значење за ажурно и квалитетно правораздавање.

Согласно Систематизацијата на Апелациониот суд Скопје предвидени се вкупно 60 места за стручни судски службеници - (виш судски советник; судски советник; виш судски соработник, судски соработник и помлад судски соработник), меѓутоа во моментот се пополнети 31 место, а непополнети се 29 работни места, од кои работното место Виш судски советник, воопшто и не е пополнето, на местото судски советник

пополнети се 4, а непополнети 8 работни места, од предвидените 15 на местото виш судски соработник пополнети се 13 работни места, со тоа што на местото судски соработник од предвидените 17 работни места, 8 работни места не се пополнети и од предвидените 6 работни места помлад судски соработник не е пополнето едно работно место.

## *АДМИНИСТРАТИВЕН ПЕРСОНАЛ ВО СУДОТ*

Заклучно со 31.12.2014 година, во администрацијата, се вработени 46 лица**.**

Во текот на извештајната година непополнетоста на бројчаниот состав на административниот персонал предизвика значителни тешкотии во функционирањето на судот, поради што неминовно се наметнува потребата од пополнување на испразнетите работни места, особено во однос на референти (судски референти – дактилографи), каде од предвидените 37 работни места, пополнети се 19 работни места.

Во Управата на судската зграда со состојба на 31.12.2014 година се евидентирани 20 вработени лица.

Судот извештајната година ја започнал со 105 вработени, со која бројка и ја завршил извештајната 2014 година. Согласно систематизацијата на Судот предвидени се 191 вработен, а непополнети со 31.12.2014 година се вкупно 86 работни места (вклучувајќи ги раководни судски службеници, стручните судски службеници, администрацијата и управата на судската зграда).

Одливот е по основ на исполнување услови за старосна пензија.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ ОПРЕМЕНОСТ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДА НА СУДОТ

Апелациониот суд Скопје својата дејност ја извршува во сопствена зграда, меѓутоа во извештајната 2014 година, како и подолг период station наназад, не задоволуваат просторните услови за непречено функционирање на судот, а со оглед да во истата зграда функционираат и други институции кои исто така ги извршуваат работите од својата надлежност во истиот објект и заземаат поголем дел од просторот. Моментално судот, како е погоре изнесено, својата функција ја извршува со непотполн состав, како по однос на носителите на судиска функција, така и во поглед на стручните судски службеници и административно технички судски службеници, така што со целосно пополнување на бројот согласно систематизацијата, судот ќе се соочи со просторен проблем – недоволен број канцеларии за сите вработени во судот.

- Анализа на состојбата - Судската зграда каде Апелациониот суд Скопје ја извршува својата дејност датира од 60-тите години на минатиот век, а ја сочинуваат три ката, приземје и подрумски простории (архива.)

Одржувањето на зградата предвидува одржување на
- електрична инсталација – вградена со изградба на зградата и неопходно е реновирање на истата поради постојаните нови оптеретувања;

- водоводна и одводна мрежа – поставена со изградба на зградата и потребно реновирање поради честите дефекти и дотраеноста

- систем за греење – поставен со изградба на зградата и потребно е итно реновирање поради чести дефекти

Превземањето на неопходните чекори за итно санирање на електричната инсталација, водоводната и одводна мрежа, системот за греење, како и дотраениот мебел и канцелариска опрема, влијае и на севкупната безбедносна состојба на вработените, странките, во крајна линија и предметите.

- Предлози за подобрување

Инвестициона програма за 2015 година

Приоритетни инвестиции

1. Реконструкција на санитарни чворови -- вредност 1.000.000,00 денари;
2. Промена на постоечката парно линија – честото прскање и пукање на постојните цевки за парно греење заради дотраеноста ја наметнува потребата од итна промена на истите и тоа со димензии ф6/4, ф5/4 и ф1 – вредност 700.000,00 денари;
3. Промена на прозорци од надворешната страна на зградата – вредност 3.000.000,00 денари;
4. Молерисување на канцеларии и ходници – молерофарбарски работи на објектот на Апелационен суд Скопје -- вредност 1.784.000,00 денари
5. Чистење на мермер со водено брусење и полирање – барањето се однесува на одржување на објектот, а чистењето на мермерот не е извршено 5 години наназад -- вредност 200.000,00 денари
6. Изведба на надворешна настрешница на објектот – барањето се однесува на изработка на настрешница за заштита на влезот на Судот од разни временски непогоди – вредност 85.000,00 денари;
7. Набавка на дефибрилатор – согласно чл.96 ст.3 од Законот за здравствена заштита – вредност 100.000,00 денари

Други инвестиции

8. Реконструкција и опремување на две сали за судење – Со примена на измените на Законот за парничната постапка во судот како второстепен суд во жалбена постапка се закажуваат расправи и мериторно се одлучува. Предметната законска новина задолжително наметна потреба од опремување на сала за одржување расправи, што досега не е направено. Сметаме дека во моментот потребно е да се опремат две сали за одржување расправа канцеларија бр.66 и канцеларија бр.54-а сместени на првиот кат од судската зграда. Идден проект доставен уште со инвестиционата програма 2007 година – вредност 6.700.000,00 денари;
9. Реконструкција и опремување на граѓанска и кривична писарница – Одделенијата (граѓанско и кривично) на Апелациониот суд Скопје работат во несоодветни услови во однос на прием и комуникација со странки, како и со дотраени и нефункционални основни средства – вредност 810.000,00 денари;
10. Канцеларија за односи со јавност – Апелациониот суд Скопје потребно е да изврши прилагодување на дел од судскиот простор, односно да се изврши адаптација на постојната канцеларија -- вредност 300.000,00 денари;

11. Канцеларии за судии – Апелациониот суд Скопје согласно последната одлука на Судскиот совет на Република Македонија со утврдени судиски места во Судот потребно е да изврши адаптација и опремување на 5 канцеларии во кабинети за судии -- вредност 600.000,00 денари;
12. Канцеларија за информатичка опрема – Апелациониот суд Скопје потребно е да изврши прилагодување на дел од судскиот простор во простор за информатичка опрема (сервери, свичеви и сл.), со оглед на посебните услови за нивно функционирање -- вредност 300.000,00 денари;
13. Доопремување на кабинетите на судиите со плакари – во текот на 2003 година од Министерството за правда обезбедени се работни маси, во текот на 2007 година набавени се плакари за чување предмети и гардеробери во дел од судиските кабинети, односно само во 20 канцеларии, така што останува да се опремат уште 30 судиски канцеларии -- вредност 900.000,00 денари;
14. Систем за противпожарна заштита – судската зграда датира од 1620 година и во истата нема вградено систем на противпожарна заштита што со сегашните градежни стандарди е потребно да се вгради -- вредност 500.000,00 денари;
15. Вентилација во архивските простории – вредност 2.500.000,00 денари;
16. Дактило бироа – вредност 300.000,00 денари
17. Вариолајт завеси – вредност 300.000,00 денари и
18. Реконструкција на службени влезови – вредност 10.000.000,00 денари.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ

Во текот на извештајната 2014 година, во сите сегменти на работата во Судот, се интензивираше користењето на информатичката технологија.

За функционирањето на Судот во извештајната година е карактеристична употребата на Автоматизираниот информатички систем за управување со судските предмети (АКМИС) со кој се овозможува електронско водење на уписниците и електронска евиденција на податоци и изготвување на акти во предметите. АКМИС се користи целосно во сите сегменти од работењето, а квалитетот на внесените податоци, како и тоа дали истите се пополнуваат целосно и точно се следи континуирано.

Сите месечни, квартални и годишни извештаи и прегледи, врз основа на кои се следи работата на Судот и вработените, се генерираат електронски од АКМИС и редовно се проследуваат до надлежните институции. Пристапот до потребните информации е значително подобрен, а комуникацијата помеѓу вработените од Судот и вработените во институциите со кои Судот соработува е поедноставена.

Опрема за тонско снимање на рочишта согласно Законот за парнична постапка е инсталирана и се користи во една судница во Судот. Во текот на 2014 година целосно е заокружен процесот на обука на судиите, стручните соработници и записничарите како основен предуслов за успешна реализација на процесот на тонско снимање на рочишта за предмети од граѓанска област.

Во текот на 2014 година отпочна користењето на „Системот за електронска достава на судски документи", при што успешно се реализирани електронски достави на разни писмена (одлуки, покани, писма и др.).

Со посебни тешкотии Судот се соочува при почитувањето на одредбите од член 10 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите, а во врска со објавување на судските одлуки на web страната на судовите.

Вработените вклучени во процесот на анонимизација и објавување на судските одлуки, секојдневно се соочуваат со технички проблеми кои не сме во можност самите да ги надминеме од причина што web страницата на Судот се хостира на надворешен виртуелен приватен сервер. На досегашните барања за надминување на тековните проблеми немаме добиено никаков одговор. Web страницата често пати е недостапна поради прекин на конекцијата или слаб одзив на серверот каде е поставена, и тоа во текот на целиот ден.

Закупениот простор во базата во која се складираат податоците е целосно искористен, па натамошното објавување на нови одлуки е оневозможено. Согласно законските одредби, анонимизација на одлуки се врши континуирано (досега се подготвени околу 23 000 одлуки), кои не сме во можност да ги објавиме.

Од месец септември 2014 година се забележуваат тешкотии и при ажурирање на податоците во календарот на насрочени предмети, како и при објавување на кратки соопштенија за јавност.

Посебен проблем претставува пребарувањето на објавените одлуки и податоци, за што има постојани реакции и од лицата кои имаат потреба од истото.

Во услови на мануелно подготвување на текстовите на одлуките за објавување, одредени недоречености на „Упатството за начинот на објавување и пребарување на судските одлуки на веб страницата на судот“, водењето на потребните евиденции кои одлуки и од кој судија треба да бидат објавени, како и неможноста за нивно редовно објавување оневозможува запазување на законски пропишаните услови и рокови за објавување.

Сметаме дека само со автоматизирање на процесот на изготвување и верификација на анонимизираните текстови, следење на сите потребните евиденциони и статистички податоци во апликативно решение, како и со редизајн и преработка на постоечката web страна при што ќе се обезбеди доволен простор во базата за анонимизирани одлуки соодветно на бројот на одлуки кои судот треба да ги објави би можеле да постигнеме задоволителен квалитет и ажурност во објавувањето на судските одлуки.

Во текот на 2014 година до „Работното тело за стандардизација на постапките во судовите“ формирано во Врховниот суд на РМ проследени се барања за подобрување на АКМИС системот согласно потребите на Судот, како и барања за отклонување на воочени недостатоци на системот. По усвојување на барањата истите навремено се реализирани.

Апелациониот суд Скопје, како второстепен суд редовно ја следи работата на основните судови од своето апелационо подрачје во делот на користење на АКМИС, системот за „Електронска достава на судски документи“, процесот на тонско снимање на рочиштата од граѓанска област, процесот на анонимизацијата и објавување на судските одлуки. На неделна основа се прибавуваат извештаи од секој од деветте

основни суда, истите се обработуваат по што збирни информации се проследуваат до повисоките судски инстанци, согласно нивните потреби.

За потребите на вработените во Апелациониот суд Скопје креирана е интерна web страна, хостирана локално, каде се објавуваат информации и новини во врска со организацијата и работата на Судот, активности на судските оддели, судиите и другите вработени, соработка со други судови и институции, следење на легислатива и судска практика, сервисни информации и друго. На овој начин се постигнува навремено, ефикасно информирање на вработените во Судот, како и заштеда на финансиски средства.

Во текот на извештајниот период во Судот се донесени потребните правилници и процедури согласно Законот за заштита на личните податоци. Во делот на информатичко работење на Судот имплементирани се сите одредби предвидени со овој закон со што е подигнато нивото на заштита на податоците, зголемена е контролата на пристап до истите, како и безбедноста на целиот систем.

Одредени проблеми во работењето предизвикува застарената пасивна мрежна опрема, инсталирана во 2000 година и чиј пропусен капацитет не ги задоволува потребите на секојдневното работење, па потребна е замена на истата со нова. Исто така, потребна е надградба на активната мрежна опрема, како и единствениот сервер кој се користи во Судот веќе четири години. Судот не располага со уред за складирање на податоци на кој би се чувале тонски записи од судски рочишта, резервни копии на податоци и слично. Околу 100 компјутери, или 60% од работните станици во Судот работат со оперативен систем Windows XP за кој нема поддршка од страна на Microsoft и неопходна е нивна замена.

Од големо значење за Судот би било електронското поврзување со основните судови од апелационото подрачје Скопје, со што би се овозможила електронска размена на податоци. Со тоа би се намалил обемот на податоци кои треба да се внесуваат во АКМИС и би се поедноставила работата по судските предмети.

Оптималното користење на потенцијалот кој го нуди информатичката технологија инсталирана во судот налага потреба од континуирана едукација на целокупниот персонален состав на судот за начинот на нејзината употреба.

Во Судот се вработени двајца советници инженери-информатичари, но за да се обезбеди поквалитетна техничка поддршка во користењето на информатичката технологија, потребно е да се зголеми бројот на извршители – технички лица соодветно стручно оспособени за сите области од информатиката кои се веќе применети во Судот.

В.Д. Претседател на Судот
Љиљана Ивановска Шопова